Јавно претпријатие за
комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр 04-771/11
22.06.2026 год.
Охрид

Врз основа на член 37-м од Законот за јавни претпријатија, Директорот на ЈП "Охридски Комуналец"Охрид ја донесе следната

# О Д Л У К А

**Член 1**

Во врска со јавниот Оглас за пополнување на работни места на даватели на јавни услуги по пат на вработување бр.04-771/1 од 02.06.2026 година, објавен од страна на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид во дневните весници "Вечер", "Нова Македонија" и "Koha" на ден 02.06.2026 година како и на web страницата на јавното претпријатие,ЈП "Охридски Комуналец" Охрид ќе склучи договори за вработување на неопределено работно време со следните кандидати:

- За работното место Возач на лесно моторно возило до 3.5т КДР0305Б04063, Марјан Лазареск се предлага за вработување
- За работното место Метач КДР0305В02020, Денис Рамаданоски, Митре Спироски и Ристе Јованоски се предлагаат за вработување
- За работното место Општ комунален работник КДР0305В02001, Садик Бајрами се предлага за вработување
- За работното место Возач на специјално комунално возило (метачка) КДР0305Б04084, Иќмет Бајрами се предлага за вработување

**Член 2**

ЈП"Охридски Комуналец"Охрид ќе склучи договор за вработување со вкупно шест извршители и тоа за следните работни места: Возач на лесно моторно возило до 3.5т КДР0305Б04063, Метач КДР0305В02020, Општ комунален работник КДР0305В02001 И Возач на специјално комунално возило (метачка) КДР0305Б04084

**Член 3**

Сите кандидати наведени во член 1 од оваа Одлука покрај тоа што ги исполнуваат општите и посебните услови за засновање на работен однос предвидени во јавниот Оглас, подолг период беа ангажирани во јавното претпријатие да извршуваат работи со договор за вработување на определено време.

**Член 4**

При донесување на оваа Одлука, Директорот на Јавното претпријатие го имаше во предвид и Записникот на Комисијата за селекција за вработување на даватели на јавни услуги.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување. Со избраните кандидати ќе се склучи договор за вработување на неопределено време а правната служба е должна да ја спроведе постапката за прием на работници во Службата надлежна за посредување при вработување во Охрид.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се изјави Жалба до Управниот Одбор на ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на **web страницата на јавното претпријатие и на огласната табла во претпријатието.**

**ЈП"Охридски Комуналец" - Охрид**
**Директор,**
**м-р Сашо Најдески**